Филозофски факултет – Скопје
Институт за социјална работа и социјална политика

**ИЗВЕШТАЈ ОД ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ:**

# СОЦИЈАЛНИТЕ ТЕШКОТИИ И ПРОБЛЕМИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КОНТЕКСТ НА ПОТРЕБАТА ОД СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

**Автори:**
Проф. д-р Сунчица Димитријоска
Проф. д-р Сузана Борнарова
Проф. д-р Владимир Илиевски

*Скопје, 2018 година*

**Издавач: Филозофски факултет – Скопје**
**Тираж: 150 примероци**

**Автори (по поглавја):**
Проф. д-р Сунчица Димитријоска (1. Социјалните тешкотии и проблеми на учениците - резултати од анкета со ученици)

Проф. д-р Сузана Борнарова (Вовед, Методолошка рамка, 3. Заклучоци и препораки)

Проф. д-р Владимир Илиевски (2. Социјалните тешкотии и проблеми на учениците - резултати од анкета со наставен и стручен кадар)

**Лектура:** д-р Вангелија Десподова

**Обработката на податоците од истражувањето финансиски ја помогна канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364-057.8(047)

ДИМИТРИЈОСКА, Сунчица
Социјалните тешкотии и проблеми на учениците од основните и средните училишта во контекст на потребата од социјална работа во образованието : извештај од емпириско истражување / автори Сунчица Димитријоска, Сузана Борнарова, Владимир Илиевски. - Скопје : Филозофски факултет, 2019. - 65 стр. : табели, граф. прикази ; 25 см

Библиографија: стр. 65

ISBN 978-608-238-160-2
1. Борнарова, Сузана [автор] 2. Илиевски, Владимир [автор]
а) Социјална работа - Ученици - Извештаи
COBISS.MK-ID 110354698

**СОДРЖИНА**


**Вовед** ....................................................5
**Методолошка рамка** ....................................................7
**1.СОЦИЈАЛНИТЕ ТЕШКОТИИ И ПРОБЛЕМИ НА УЧЕНИЦИТЕ – РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА СО УЧЕНИЦИ** .....9
1.1 Структура на испитаници-ученици .................... 9
1.2. Проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето .................... 13
1.3. Материјални тешкотии со кои се соочуваат учениците .................... 18
1.4. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците .................... 20
1.5. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците .................... 27
1.6. Потреба од стручна поддршка за решавање социјални проблеми .................... 32
1.7. Користење на социјалната мрежа при соочување со проблем .................... 33
**2. СОЦИЈАЛНИТЕ ТЕШКОТИИ И ПРОБЛЕМИ НА УЧЕНИЦИТЕ- РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА СО НАСТАВЕН И СТРУЧЕН КАДАР** ....................38
2.1. Структура на испитаници – наставен и стручен кадар .................... 38
2.2. Проблеми со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето посочени од наставен и стручен кадар .................... 40
2.3. Материјални тешкотии со кои најчесто се соочуваат семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар .................... 42
2.4. Социјални проблеми со кои најчесто се соочуваат учениците посочени од наставен и стручен кадар .................... 44
2.5. Социјални проблеми кои се најчесто присутни во семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар .................... 46
2.6. Потреба од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник кај наставен и стручен кадар .................... 48
**3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ....................51
3.1. Социјалните тешкотии и проблеми на учениците .................... 51
3.2. Социјалните тешкотии и проблеми кај учениците според мислењето на наставниот и стручен кадар .................... 56
3.3. Потреба од социјален работник како дел од стручен тим .................... 60
3.4. Препораки .................... 61
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ....................62

**ВОВЕД**

Во услови на високи стапки на невработеност и сиромаштија со кои се соочуваат семејствата во Република Македонија, а кои продуцираат и бројни други поврзани социјални проблеми чии последици се одразуваат врз децата (врсничко и семејно насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, малолетничко престапништво и други), улогата на социјалните работници во училиштата заради справување со овие социјални проблеми и ублажување на последиците од нив е незаменлива. Од особена важност е придонесот кој социјалните работници можат да го дадат во доменот на социјалната превенција, односно навременото спречување на појавата на социјални проблеми, кои не само што се одразуваат врз успехот на учениците, туку и ги загрозуваат нивните можности за развој и напредок. За учениците со посебни образовни потреби, улогата на социјалниот работник во обезбедувањето социјална инклузија, преку стручна работа со учениците, наставниот кадар, семејството и социјалната мрежа на овие ученици, е од клучно значење.

Во овој контекст, значењето и улогата на социјалните работници, како дел од стручните служби во основните и средните училишта, се неоспорни. За ангажманот на социјалните работници во образовните институции постои законска основа во Законот за основно образование (Сл. весник 103/08) кој во член 77 предвидува воспитно-образовната работа во основното училиште да ја остваруваат стручните соработници: педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог и библиотекар. Законот за средно образование од 2002 година (Сл. весник 52/02) во член 70 предвидуваше воспитно-образовната работа во средното образование да ја остваруваат стручните соработници: педагог, психолог, дефектолог, социолог, социјален работник, лаборант, библиотекар и друго. Сепак, со измените и дополнувањата од 2004 година (Сл. весник 67/04), стручниот соработник – социјален работник неоправдано е избришан од законските одредби за составот на стручната служба во средните училишта.

Истражувањето чии резултати се презентирани во овој извештај е спроведено на иницијатива на 22 средни училишта на подрачјето на Град Скопје во 2017 година, во соработка со Институтот за социјална работа и социјална политика, поттикнати од постојната ограничувачка законска регулатива и очигледното зголемување на потребата од промовирање на подрачјето социјална работа во образованието во социјалниот и економскиот контекст во кој се наоѓа нашата држава. Наодите од истражувањето се очекува да укажат на социјалната состојба во која се наоѓаат учениците и да послужат како поткрепа на залагањата за законски и практични интервенции со кои

ќе се овозможи вработување на профилот социјален работник како составен дел на стручните служби во училиштата, од кои полза би имале не само учениците и нивните семејства, туку и целокупниот образовен и социјален систем во земјава.

*Од авторите*

**МЕТОДОЛОШКА РАМКА**

**Основна цел** на истражувањето е добивање сознанија за социјалните тешкотии и проблеми со кои се соочуваат учениците од основните и средните училишта на територијата на Град Скопје, како и потребата од социјален работник во училиштата.

**Посебни цели** на истражувањето се:
- Добивање сознанија од учениците за социјалните и материјалните тешкотии со кои се соочиле во текот на школувањето, социјалните проблеми во нивните семејства, како и потребата на учениците од стручна поддршка од социјален работник кога се соочуваат со проблем.
- Добивање сознанија од наставниците и стручните соработници за доминантите социјални и материјални тешкотии со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето, социјалните проблеми во семејствата на учениците, како и потребата од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник.

Емпириското истражување е спроведено врз база на примена на **квантитативна методологија**. За таа цел беше користена техниката на анкетирање за која беа подготвени два инструмента:
- структуиран прашалник за ученици
- полу-структуиран прашалник за наставен кадар и стручни соработници.

Во истражувањето беше опфатен примерок од 1037 ученици. Се работи за стратификуван репрезентативен примерок според националност. Истражувањето беше спроведено во 4 основни и 4 средни училишта на територијата на Град Скопје, при што во основните училишта анкетата беше спроведена само со учениците од повисоките одделенија (осмо и деветто) заради содржината на прашањата (види Преглед 1).

**Преглед 1. Примерок на истражувањето (ученици)**

| **Училиште** | **Етничка припадност** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нема одг. | Маке Донска | Албан Ска | Бош њачка | Влаш ка | Ром ска | Срп ска | Тур ска | Хрват ска | Вку пно |
| ОУ „Васил Главинов“ | 0 | 15 | 2 | 8 | 0 | 23 | 1 | 2 | 0 | 51 |
| ОУ „Конгреси и Манастирит“ | 1 | 1 | 137 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 142 |
| ОУ „Рајко Жинзифов“ | 2 | 10 | 44 | 8 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 67 |
| ОУ „Стив Наумов“ | 0 | 138 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 142 |
| СУ „Зеф Љуш Марку“ | 0 | 2 | 63 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 66 |
| СУ „Јосип Броз Тито“ | 3 | 117 | 0 | 6 | 1 | 2 | 3 | 19 | 1 | 152 |
| СУ „Лазар Танев“ | 5 | 168 | 9 | 2 | 0 | 13 | 8 | 3 | 0 | 208 |
| СУ „Панче Караѓозов“ | 5 | 173 | 0 | 15 | 1 | 8 | 3 | 4 | 0 | 209 |
| **Вкупно** | **16** | **624** | **255** | **40** | **2** | **50** | **17** | **32** | **1** | **1037** |

Покрај учениците, дополнителни сознанија за социјалните состојби и проблеми со кои се соочуваат учениците беа добиени од анкета која се спроведе со наставници и стручни соработници од истите основни и средни училишта. Беа анкетирани вкупно 144 наставници/стручни соработници (види Преглед 2.).

**Преглед 2. Примерок на истражувањето (наставници/стручни соработници)**

| **Училиште** | **Број на наставници/стручни соработници** | **Процент** |
|---|---|---|
| ОУ „Васил Главинов“ | 8 | 5.6 |
| ОУ „Конгреси и Манастирит“ | 11 | 7.6 |
| ОУ „Рајко Жинзифов“ | 36 | 25.0 |
| ОУ „Стив Наумов“ | 13 | 9.0 |
| СУ „Зеф Љуш Марку“ | 7 | 4.9 |
| СУ „Јосип Броз Тито“ | 27 | 18.8 |
| СУ „Лазар Танев“ | 42 | 29.2 |
| **Вкупно** | **144** | **100.0** |

## 1. СОЦИЈАЛНИТЕ ТЕШКОТИИ И ПРОБЛЕМИ НА УЧЕНИЦИТЕ – РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА СО УЧЕНИЦИ

### 1.1. Структура на испитаници - ученици

Вкупно 1.033 ученици, од кои 469 женски и 564 машки испитаници на возраст од 13 до 18 години, дале одговор во однос на нивната возраст и полот.

**Табела 1. Структура на ученици, според возраста и полот**

| | | Возраст | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Пол** | нема одговор | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | **4** |
| | женски | 85 | 84 | 175 | 88 | 23 | 14 | **469** |
| | машки | 111 | 89 | 198 | 115 | 38 | 13 | **564** |
| **Вкупно** | | **196** | **173** | **374** | **204** | **63** | **27** | **1037** |

Според возраста, најголем број на анкетирани ученици се на возраст од 15 години и тоа 374 ученици, од кои 198 машки и 175 женски испитаници, а потоа следуваат ученици на 16 годишна возраст, односно 204, од кои 115 машки и 88 женски. Оваа возрасна група е слична со категоријата испитаници од 13 годишна возраст, во која биле вклучени 196 ученици, од кои 111 машки и 85 женски. Најмал е бројот на испитаници од 18 години, односно 27 ученици.

Може да се забележи дека само мал број од учениците, односно 4 не дале информација за својот пол (Графикон 1).

Графикон 1. Структура на ученици според возраста и полот




Од аспект на етничката припадност на анкетираните ученици, најголем број се од македонска националност и тоа 624 ученици, потоа следуваат учениците од албанска националност, односно 255 ученици, а учениците од ромска националност се застапени со 50 испитаници. Може да се забележи дека само мал број од учениците, односно 1,7% не дале информација за својата етничка припадност (Табела 2).

**Табела 2. Структура на ученици, според етничката припадност и местото на живеење**

| **Место на живеење** | **Етничка припадност** | | | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | Албанска | Бошњачка | Влашка | Македонска | Ромска | Српска | Турска | Хрватска | |
| **нема одговор** | 0 | 2 | 0 | 0 | 12 | 3 | 1 | 0 | 0 | **18** |
| **Град** | 14 | 209 | 30 | 2 | 526 | 46 | 12 | 26 | 1 | **866** |
| **Село** | 2 | 44 | 10 | 0 | 86 | 1 | 4 | 6 | 0 | **153** |
| **Вкупно** | **16** | **255** | **40** | **2** | **624** | **50** | **17** | **32** | **1** | **1037** |

Поголемиот број испитаници живеат во градска средина, односно 866 ученици, додека од руралните подрачја се 153 ученици. Највисок е бројот на ученици од ромска националност кои се изјасниле дека живеат во градско подрачје, односно 92% или 46 ученици. Тројца од испитаниците од ромска националност, односно 6%, не дале одговор на прашањето во однос на местото на живеење. Понатаму, 84,3%, односно 526 ученици од македонска националност живеат во град, по што следуваат учениците од албанска националност со 82%, односно 209 од анкетираните.

**Табела 3. Структура на учениците, според успехот во претходната година и повторувањето година**

| Повторување година | Успех во претходна година | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | недоволен | Доволен | добар | многу добар | одличен | |
| **нема одговор** | 2 | 0 | 2 | 4 | 4 | 4 | **16** |
| **Да** | 1 | 1 | 3 | 3 | 4 | 1 | **13** |
| **Не** | 12 | 6 | 38 | 186 | 219 | 547 | **1008** |
| **Вкупно** | **15** | **7** | **43** | **193** | **227** | **552** | **1037** |

Кога станува збор за успехот на учениците, повеќе од половина анкетирани (53,2%), односно 552 имале одличен успех во претходната година, а потоа следат учениците со многу добар и добар успех. Со недоволен успех биле 7 ученици, односно 0,7%. Дел од учениците (15) 1,5% не одговориле на прашањето за постигнатиот успех. Иако проодноста на учениците е висока (над 97%), 1,2% од испитаниците одговориле дека ја повторувале годината (Табела 3).

**Табела 4. Структура на учениците, според бројот на членовите во семејството и местото на живеење**

| | | Број на членови во семејството | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | 2 | 3-4 | 5 и повеќе | |
| **Место на живеење** | нема одговор | 2 | 1 | 9 | 6 | **18** |
| | Град | 7 | 28 | 475 | 356 | **866** |
| | Село | 2 | 0 | 63 | 88 | **153** |
| **Вкупно** | | **11** | **29** | **547** | **450** | **1037** |

Од аспект на бројот на членови во семејството во однос на местото на живеење, најголем број се семејства од три до четири члена (547), додека значителен број ученици, односно 450

живеат во семејства со пет и повеќе членови. Во семејство кое брои само два члена, односно со еден родител/старател, живеат само 29 ученика.

Скоро 87% од учениците од семејство кое брои 3-4 членови, живеат во град. По нив следуваат оние со 5 и повеќе членови, односно 79%. Најголем број од учениците кои живеат на село, живеат во семејство со 5 или повеќе членови, односно 88 или 57,5 %.

Треба да се напомне дека освен еден ученик кој не се изјаснил за местото на живеење, а живее во семејство со два члена, останатите 28 испитаници, односно 96,5% живеат во градска средина (Графикон 2).




Кога станува збор за структурата на семејствата на учениците, најголем број од нив, односно 885 ученици живеат со двата родители, додека со мајка живеат 77 ученика, а 22 ученика со татко. Ова важи за сите етнички заедници. Сепак, најголем процент ученици кои живеат во едно родителски семејства се забележуваат кај Македонците и Албанците. Имено, 9,4% од македонските ученици вклучени во анкетата живеат само со мајка, а само 1,8% живеат со таткото. Од друга страна, бројката од 11 македонски ученици, претставува 50% од вкупниот број на деца кои живеат со таткото. Кај Албанците, 5,1% живеат само со мајка, а 2,3% со татко.

Единствено кај бошњачката етничка заедница се забележуваат поголем број деца кои живеат со таткото (3 наспроти 1 дете кое живее со мајката) и тој процент изнесува 7,5% од бројот на деца од бошњачка етничка припадност (Табела 5).

**Табела 5. Структура на учениците, според етничката припадност и членовите на семејството со кои живеат учениците**

| **Членови на семејство со кого живеат** | **Етничка припадност** | | | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | Албанска | Бошњачка | Влашка | Македонска | Ромска | Српска | Турска | Хрватска | |
| **нема одговор** | 2 | 18 | 0 | 0 | 22 | 4 | 1 | 1 | 0 | 48 |
| **друго** | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 5 |
| **со двата родитела** | 13 | 218 | 35 | 2 | 530 | 44 | 14 | 28 | 1 | 885 |
| **со мајка** | 1 | 13 | 1 | 0 | 59 | 1 | 1 | 1 | 0 | 77 |
| **со татко** | 0 | 6 | 3 | 0 | 11 | 1 | 0 | 1 | 0 | 22 |
| **Вкупно** | **16** | **255** | **40** | **2** | **624** | **50** | **17** | **32** | **1** | **1037** |

## 1.2. Проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето

Во истражувањето беше направен обид да се добијат сознанија за најчестите секојдневни проблеми со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето, како потенцијални области за помош и поддршка од страна на профилот социјален работник. Резултатите се дадени во Табела 6 и Графикон 3 долу.

**Табела 6. Проблеми со кои учениците се соочиле во текот на школувањето, според полот**

| | | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | женски | машки | |
| **Проблеми со кои учениците се соочиле во текот на школувањето** | Проблеми со редовност на училиште | 0 | 49 | 102 | **151** |
| | Проблеми со дисциплина | 0 | 51 | 95 | **146** |
| | Проблеми со учење и успехот | 1 | 161 | 201 | **363** |
| | Несогласување со наставници | 0 | 121 | 175 | **296** |
| | Несогласување со соученици | 0 | 121 | 106 | **227** |
| | Неприфатеност во училишната средина | 0 | 41 | 30 | **71** |
| | Доцнење | 0 | 2 | 1 | **3** |
| | Екстерно тестирање | 0 | 0 | 1 | **1** |
| | **Вкупно** | **1** | **546** | **711** | **1258** |




И момчињата (во 201 случај) и девојчињата (во 161 случај) како и 1 во еден случај кој не се изјаснил во однос на полот, односно во вкупно 363 случаи (28,8%), ги посочиле проблемите со учењето и успехот како најчести. По ова следува несогласувањето со наставниците застапено со 23,5%, проблемите поврзани со несогласување со соучениците (18%), како и редовноста на училиште (12%).

Интересно е да се забележи дека во однос на најистакнатите проблеми со кои се соочуваат учениците постои разлика според половата припадност на испитаниците. Највидлива е разликата во однос на редовноста, при што момчињата предничат со 14%, наспроти нешто помалку од 9% од вкупниот број проблеми посочени од ученичките. Иако машките ученици во поголем процент имаат проблем со несогласување со наставниците, 24,6% од проблемите посочени од нивна страна, сличен е процентот на женските ученици кои овој проблем го истакнале во скоро 22,2% од случаите. Слична разлика се јавува и кај проблемот со учењето и успехот, посочен од страна на машките ученици во 28,2% од случаите и 29,5% од страна на женските ученици. Она што се забележува е дека несогласувањето со соучениците е повеќе „женски“ проблем. Имено овој проблем е застапен со 22,2% од проблемите кои ги посочиле ученичките, за разлика од 14,9% од проблемите кои ги посочиле машките ученици.

**Табела 7. Проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според возраст**

| | | **Возраст** | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Проблеми во текот на школувањето** | Проблеми со редовност на училиште | 23 | 12 | 48 | 37 | 23 | 8 | **151** |
| | Проблеми со дисциплина | 30 | 20 | 57 | 29 | 7 | 3 | **146** |
| | Проблеми со учење и успехот | 52 | 58 | 139 | 67 | 30 | 17 | **363** |
| | Несогласување со наставници | 45 | 52 | 113 | 59 | 17 | 10 | **296** |
| | Несогласување со соученици | 56 | 44 | 81 | 30 | 12 | 4 | **227** |
| | Неприфатеност во училишната средина | 15 | 8 | 31 | 13 | 2 | 2 | **71** |
| | Доцнење | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | **3** |
| | Екстерно тестирање | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| | **Вкупно** | **221** | **194** | **472** | **236** | **91** | **44** | **1258** |




Се забележува дека од сите возрасни групи, единствено учениците на 15 години, се соочиле со сите наведени проблеми. Скоро 1/3 од овие ученици се соочиле со проблеми со учењето и успехот. Најмладите испитаници, оние на 13 години, како најголем проблем го истакнуваат несогласувањето со соучениците, односно околу ¼ или 56 ученици на оваа возраст.

Иако проблемите на учениците се слични, сепак постојат разлики според етничката припадност. Така, за македонските учесници во анкетата најголеми проблеми се оние со учењето и успехот, по што следуваат несогласување со наставници и несогласување со соученици. Иако и кај албанските ученици овие три проблеми се најгорливи, редоследот на приоритетни проблеми е различен: несогласување со соученици, по што следуваат проблеми со учење и успехот, а потоа несогласување со наставници.

Од друга страна, ако се анализира проблемот со дисциплината, тој се истакнува само кај помалку од 12% од вкупниот број посочени проблеми. Но, интересно е да се забележи дека овој проблем го истакнале скоро 1/5 од учениците од ромска националност (Табела 8, Графикон 5 долу).

**Табела 8. Проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според етничката припадност**

| | | Етничка припадност | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Нема одговор | Албанска | Бошњачка | Влашка | Македонска | Ромска | Српска | Турска | Хрватска | |
| **Проблеми во текот на школувањето** | Проблеми со редовност на училиште | 2 | 30 | 5 | 0 | 91 | 10 | 10 | 3 | 0 | **151** |
| | Проблеми со дисциплина | 2 | 40 | 8 | 0 | 80 | 9 | 5 | 2 | 0 | **146** |
| | Проблеми со учење и успехот | 7 | 68 | 17 | 1 | 229 | 20 | 7 | 14 | 0 | **363** |
| | Несогласување со наставници | 4 | 53 | 19 | 0 | 203 | 3 | 3 | 10 | 1 | **296** |
| | Несогласување со соученици | 1 | 82 | 9 | 0 | 131 | 3 | 0 | 1 | 0 | **227** |
| | Неприфатеност во училиштната средина | 0 | 16 | 4 | 0 | 46 | 4 | 0 | 1 | 0 | **71** |
| | Доцнење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | **3** |
| | Екстерно тестирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| | **Вкупно** | **16** | **289** | **62** | **1** | **781** | **51** | **26** | **30** | **1** | **1258** |



### 1.3. Материјални тешкотии со кои се соочуваат учениците

Заради увид во материјалната состојба на учениците како едно поле за делување на социјалниот работник, преку анкетата се добија сознанија за тоа дали учениците располагаат со доволно материјални средства за школски и вонучилиштни активности. Резултатите анализирани според место на живеење на учениците, се дадени во Табела 9 и Графикон 6 долу.

**Табела 9. Материјални тешкотии со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според местото на живеење**

| | | Место на живеење | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | град | село | |
| **Материјални тешкотии во текот на школувањето** | Недостаток на материјални средства за набавка на училиштен прибор и опрема | 4 | 84 | 20 | **108** |
| | Недостаток на материјални средства за учество во вонучилиштни активности (училиштни спортски и други клубови и секции) | 8 | 151 | 19 | **178** |
| | Недостаток на материјални средства за ужина | 2 | 51 | 6 | **59** |
| | Недостаток на материјални средства за екскурзии | 4 | 124 | 23 | **151** |
| | Недостаток на материјални средства за облека и обувки | 1 | 53 | 7 | **61** |
| | **Вкупно** | **19** | **463** | **75** | **557** |




Прашањето за материјалните тешкотии е посочено во 557 случаи. Евидентно е дека ова е изразен проблем, имајќи предвид дека повеќе од половина од учениците вклучени во

истражувањето истакнале дека се соочуваат со некаков недостаток на финансиски средства во текот на школувањето.

Недостатокот на материјални средства за учество во вонучилиштни активности, како училиштни спортски и други клубови и секции, е истакнат во вкупно 178 случаи или 31,9% од вкупниот број посочени материјални проблеми. Овој проблем е присутен со над 30% од проблемите кои ги истакнле учениците кои живеат во град, наспроти над 25% од учениците кои живеат на село.

Недостатокот на материјални средства за екскурзии е втората финансиска тешкотија со која се соочиле учениците, истакната вкупно 151 пат. Од аспект на местото на живеење, ова е поголем проблем за учениците од село. Имено, овој проблем е застапен со 30,7% од проблемите истакнати од учениците кои живеат во село, за разлика од учениците од град (26,8%).

Се забележува и значителен број на ученици кои немаат доволно средства за училиштен прибор и опрема. Во вкупно 108 случачи или 18% од проблемите посочени од учениците, е застапен недостатокот на средства за набавка на училиштен прибор и опрема. Со над 26,6% или скоро 1/5 овој финансиски недостаток се истакнува кај учениците од село, а истото важи и за 18,1% кои живеат во град.

**Табела 10. Материјални тешкотии со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според број на членови во семејството**

| | | **Број на членови во семејството во кое живее ученикот** | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **нема одговор** | **2** | **3-4** | **5 и повеќе** | |
| **Материјални тешкотии во текот на школувањето** | Недостаток на материјални средства за набавка на училиштен прибор и опрема | 0 | 2 | 50 | 56 | **108** |
| | Недостаток на материјални средства за учество во вонучилиштни активности (училиштни спортски и други клубови и секции) | 4 | 3 | 98 | 73 | **178** |
| | Недостаток на материјални средства за ужина | 2 | 1 | 30 | 26 | **59** |
| | Недостаток на материјални средства за екскурзии | 1 | 2 | 82 | 66 | **151** |
| | Недостаток на материјални средства за облека и обувки | 1 | 1 | 28 | 31 | **61** |
| | **Вкупно** | **8** | **9** | **288** | **252** | **557** |

Графикон 7. Материјални тешкотии со кои учениците се соочиле во текот на школувањето, според број на членови во семејството




Во однос на материјалните тешкотии анализирани според бројот на членови во семејството на ученикот (Табела 10 и Графикон 7 горе), се забележува дека дури 30% од учениците кои доаѓаат од едно родителски семејства се соочуваат со недостаток на материјални средства за учество во вонучилиштни активности. Истото важи и за семејствата кои бројат 3-4 и 5 и повеќе членови.

### 1.4. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците

Од посебен интерес за истражувањето беше присуството на различни видови социјални проблеми кај учениците. Изненадувачки голем е бројот на ученици кои посочиле постоење на некаков социјален проблем, со можност да посочат и повеќе проблеми истовремено доколку се соочиле со нив. Добиените резултати според полот се дадени на Табела 11 и Графикон 8 подолу.

**Табела 11. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според полот**

| | | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **нема одговор** | **женски** | **машки** | |
| **Социјални проблеми во текот на школувањето** | Физички пресметки со соученици | 0 | 78 | 155 | **233** |
| | Прекумерно конзумирање алкохол | 0 | 36 | 60 | **96** |
| | Користење дроги | 1 | 18 | 43 | **62** |
| | Кражби | 1 | 30 | 44 | **75** |
| | Коцкање (обложувалници и сл.) | 0 | 18 | 67 | **85** |
| | Здравствени проблеми (хронични болести) | 1 | 55 | 53 | **109** |
| | Конфликти со родителите | 0 | 74 | 67 | **141** |
| | Конфликти со средината во која живеат | 1 | 72 | 66 | **139** |
| | Расправии со соучениците | 0 | 1 | 0 | **1** |
| | Омаломажување | 0 | 1 | 0 | **1** |
| | **Вкупно** | **4** | **383** | **555** | **942** |



На прашањето кои се социјалните проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, социјални проблеми се посочени во вкупно 942 случаи, од кои 555 случаи се посочени од машки ученици и 383 од женски ученици, додека 4 ученици не се изјасниле за полот.

Физички пресметки со соучениците, конфликти со родителите и конфликти со средината во која живеат се најчестите социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето. Притоа физичките пресметки со соучениците се посочени 78 пати од страна на женските ученички (20,4% од сите проблеми кои ги истакнале женските испитаници кои одговориле на прашањето) и 155 пати од страна на машките ученици (28% од сите проблеми кои ги истакнале машките ученици кои го одговориле прашањето).

Во конфликт со родителите повеќе влегуваат женските ученички. Имено, соочување со овој проблем имале женските ученички во 74 случаи (19,3%), наспроти машките испитаници со 67 случаи (12,1%). Истото се забележува и во однос на конфликтите со средината во која живеат. Девојчињата почесто се соочуваат со овој проблем (18,8%) од вкупниот број проблеми посочени од испитаниците кои одговориле на ова прашање, наспроти машките ученици, со нешто помалку од 11,9%.

Она што треба да се забележи е дека конзумирањето алкохол како проблем го истакнуваат голем број ученици, односно овој проблем е застапен со 10,2% од проблемите кои ги истакнале учениците кои дале одговор на ова прашање. Ако се анализира овој проблем според пол, се забележува голема разлика. Имено, дури 62,5% од вкупниот број посочени проблеми со конзумирање алкохол ги посочиле машките ученици. Слична разлика се забележува и во однос на користењето на droги, посочено во вкупно 62 случаи, од кои во над 69,3% се од машки ученици. Машките ученици се поподложни и на проблемите предизвикани од коцкањето. Иако овој проблем е посочен во само 85 случаи или 9% од проблемите посочени од учениците кои одговориле на ова прашање, разликата по пол е евидентна. Имено, дури 67 ученици од машки пол, односно 78,8% од вкупниот број посочени проблеми.

Приказ на социјалните проблеми со кои се соочиле учениците според нивната возраст е даден во Табела 12 и Графикон 9 долу.

**Табела 12. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според возраста**

| | | Возраст | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
| **Социјални проблеми во текот на школувањето** | Физички пресметки со соученици | 49 | 46 | 80 | 46 | 7 | 5 | 233 |
| | Прекумерно конзумирање алкохол | 3 | 10 | 39 | 26 | 10 | 8 | 96 |
| | Користење дроги | 6 | 5 | 27 | 15 | 6 | 3 | 62 |
| | Кражби | 17 | 15 | 27 | 13 | 2 | 1 | 75 |
| | Коцкање (обложувалници и сл.) | 5 | 8 | 42 | 16 | 11 | 3 | 85 |
| | Здравствени проблеми (хронични болести) | 21 | 13 | 40 | 27 | 5 | 3 | 109 |
| | Конфликти со родителите | 15 | 21 | 59 | 35 | 7 | 4 | 141 |
| | Конфликти со средината во која живеат | 25 | 26 | 47 | 28 | 9 | 4 | 139 |
| | Расправии со соучениците | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | Омаломажување | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | **Вкупно** | **141** | **144** | **363** | **206** | **57** | **31** | **942** |

Графикон 9. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според возраста



Физичките пресметки со соучениците предничат кај сите возрасни групи од 13 до 16 години, при што во групата од 17 години најистакнат е проблемот со коцкањето, кое вклучува обложувалници и сл.

Конфликтите со средината во која живеат, како втор најистакнат проблем, се воочува кај учениците на возраст од 15 и 16 години.

Општ заклучок е дека како расте возраста, така се почесто се забележуваат проблеми поврзани со прекумерно конзумирање алкохол и користење droги.

Во однос на поврзаноста помеѓу присуството на социјални проблеми кај учениците и етничката припадност (Табела 13, Графикон 10 долу), физичките пресметки со соучениците се најзастапени кај учениците од сите националности. Разлики се јавуваат во однос на конфликтите со родителите кои се јавуваат како втор проблем кај учениците од македонска и ромска етничка припадност, додека за албанските ученици тоа се конфликтите со средината во која живеат. Она што треба да се нотира во однос на етничката припадност, е дека иако кражбите не се на врвот на проблемите на учениците, овој проблем во текот на школувањето е присутен со 14,3% од проблемите посочени од страна на учениците Бошњаци кои одговориле на ова прашање.

**Табела 13. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според етничката припадност**

| | | Етничка припадност | | | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **нема одговор** | **Албанска** | **Бошњачка** | **Влашка** | **Македонска** | **Ромска** | **Српска** | **Турска** | **Хрватска** | |
| **Социјални проблеми во текот на школувањето** | Физички пресметки со соученици | 4 | 47 | 15 | 0 | 145 | 13 | 4 | 4 | 1 | **233** |
| | Прекумерно конзумирање алкохол | 2 | 8 | 6 | 0 | 75 | 2 | 2 | 1 | 0 | **96** |
| | Користење droги | 2 | 10 | 3 | 0 | 40 | 3 | 2 | 2 | 0 | **62** |
| | Кражби | 0 | 26 | 7 | 0 | 35 | 5 | 1 | 1 | 0 | **75** |
| | Коцкање (обложувалници и сл.) | 1 | 12 | 6 | 0 | 63 | 1 | 2 | 0 | 0 | **85** |
| | Здравствени проблеми (хронични болести) | 2 | 28 | 4 | 1 | 63 | 3 | 4 | 4 | 0 | **109** |
| | Конфликти со родителите | 1 | 22 | 5 | 0 | 104 | 6 | 2 | 1 | 0 | **141** |
| | Конфликти со средината во која живеат | 1 | 33 | 3 | 0 | 94 | 3 | 0 | 5 | 0 | **139** |
| | Расправии со соучениците | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| | Омаломажување | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| | **Вкупно** | **13** | **186** | **49** | **1** | **621** | **36** | **17** | **18** | **1** | **942** |




Ако се анализира успехот на учениците, не се забележува голема разлика во однос на социјалните проблеми со кои се соочуваат во текот на школувањето.

Без оглед на успехот, првиот проблем за сите ученици се физичките пресметки со соученици. Сепак постои разлика во степенот во кој учениците со различен успех се вклучуваат во физички пресметки.

Така, физичките пресметки се присутни со 21,2% од проблемите кои ги истакнале одличните ученици кои одговориле на ова прашање, додека тој процент кај учениците со многу добар успех изнесува 29,4%, добар успех 30,8%, доволен успех 27,5%.

И во однос на конзумирањето алкохол се забележува мала разлика кај учениците со различен успех. Така, одличните и многу добрите ученици ова го истакнале во 10,5%, додека учениците со доволен успех во 12,5%.

Во конфликт со родителите најмногу влегуваат учениците со доволен успех (20% од посочените проблеми кај овие ученици). Најнизок е процентот кај учениците со многу добар успех, односно 10%, потоа следуваат оние со добар успех 13,5%, и учениците со одличен успех 16,6% (Табела 14, Графикон 11).

**Табела 14. Социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето, според успехот во претходна година**

| | | Успех во претходна година | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | добар | доволен | многу добар | недоволен | Одличен | |
| Социјални проблеми во текот на школувањето | Физички пресметки со соученици | 2 | 48 | 11 | 62 | 1 | 109 | **233** |
| | Прекумерно конзумирање алкохол | 1 | 14 | 5 | 22 | 0 | 54 | **96** |
| | Користење дроги | 1 | 8 | 2 | 15 | 1 | 35 | **62** |
| | Кражби | 0 | 10 | 3 | 20 | 0 | 42 | **75** |
| | Коцкање (обложувалници и сл.) | 2 | 10 | 6 | 19 | 0 | 48 | **85** |
| | Здравствени проблеми (хронични болести) | 3 | 18 | 1 | 20 | 1 | 66 | **109** |
| | Конфликти со родителите | 4 | 21 | 8 | 21 | 2 | 85 | **141** |
| | Конфликти со средината во која живеат | 3 | 27 | 4 | 32 | 1 | 72 | **139** |
| | Расправии со соучениците | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| | Омаломажување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| | **Вкупно** | **16** | **156** | **40** | **211** | **6** | **513** | **942** |




### 1.5. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците

Во истражувањето беше направен обид да се добијат сознанија не само за присуството на социјални проблеми кај учениците, туку и во семејствата во кои живеат, имајќи предвид дека семејните проблеми значително се одразуваат врз социјалното функционирање на учениците и нивните образовни успеси.

На прашањето за социјални проблеми присутни во нивните семејства, учениците посочиле проблем во 752 случаи. Најголем проблем е невработеноста на член од семејството, кој е истакнат 192 пати (25,5% од вкупниот број посочени проблеми). Потоа следува недостатокот на средства за живеење посочен 141 пат (18,7%), а како трет социјален проблем се јавуваат конфликтите меѓу родителите (126 случаи или 16,7%).

Разликите меѓу посочените социјални проблеми присутни во семејствата на учениците во зависност од тоа дали живеат во град или село се дадени во Табела 15 и Графикон 12 долу.

**Табела 15. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците, според местото на живеење**

| | | Место на живеење | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | град | село | |
| Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците | Недостаток на средства за живот | 2 | 116 | 23 | 141 |
| | Невработеност на член од семејството | 8 | 150 | 34 | 192 |
| | Лоши услови за домување | 1 | 63 | 9 | 73 |
| | Конфликти меѓу родители | 2 | 103 | 21 | 126 |
| | Алкохолизам кај член од семејството | 0 | 50 | 6 | 56 |
| | Наркоманија кај член од семејството | 1 | 16 | 2 | 19 |
| | Хронична болест кај член од семејството | 1 | 56 | 9 | 66 |
| | Инвалидност кај член од семејството | 1 | 29 | 6 | 36 |
| | Член од семејството осудуван за кривични дела | 0 | 17 | 2 | 19 |
| | Коцкање кај член од семејството | 0 | 19 | 5 | 24 |
| | **Total** | **16** | **619** | **117** | **752** |

Графикон 12. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците, според место на живеење



Во однос на местото на живеење, невработеноста кај член во семејството како проблем е присутна со 29% од проблемите посочени од учениците од село и 24,2% од проблемите посочени од учениците од град кои одговориле на ова прашање.

Недостатокот на средства за живеење кај учениците од град е истакнат 116 пати, кај учениците од село 23 пати.

И во однос на конфликтите меѓу родителите не постои голема разлика ако се земе предвид местото на живеење. Така, овој проблем е посочен 103 пати од страна на учениците од град, односно околу 16,6%, што е близу до процентот на ученици од село, односно 21 пат или 18%.

Она што се забележува е дека лошите услови за домување се истакнати во 73 случаи, односно 9% од случаите посочени од учениците кои одговориле на ова прашање. Во однос на местото на живеење се забележува и следнава разлика: додека кај учениците од село процентот изнесува 7,7%, тој е повисок кај учениците од град, односно околу 10,2%.

Кога присуството на социјални проблеми се анализира од аспект на големината на семејството, очигледно е дека бројот на членови во семејството влијае врз социјалните проблеми. Резултатите се дадени во Табела 16 и Графикон 13 долу.

**Табела 16. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците, според број на членови во семејството**

| | | **Број на членови во семејството** | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | 2 | 3-4 | 5 и повеќе | |
| **Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците** | Недостаток на средства за живот | 0 | 5 | 78 | 58 | 141 |
| | Невработеност на член од семејството | 1 | 6 | 88 | 97 | 192 |
| | Лоши услови за домување | 1 | 1 | 39 | 32 | 73 |
| | Конфликти меѓу родители | 2 | 7 | 77 | 40 | 126 |
| | Алкохолизам кај член од семејството | 0 | 4 | 29 | 23 | 56 |
| | Наркоманија кај член од семејството | 0 | 0 | 6 | 13 | 19 |
| | Хронична болест кај член од семејството | 1 | 0 | 35 | 30 | 66 |
| | Инвалидност кај член од семејството | 1 | 0 | 18 | 17 | 36 |
| | Член од семејството осудуван за кривични дела | 1 | 1 | 9 | 8 | 19 |
| | Коцкање кај член од семејството | 1 | 1 | 12 | 10 | 24 |
| | **Вкупно** | **8** | **25** | **391** | **328** | **752** |

Графикон 13. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците, според број на членови во семејството




Невработеноста на член од семејството е најголем проблем кај учениците кои живеат со 3-4 или 5 и повеќе членови на семејството. Недостатокот од средства за живот е вториот социјален пробем кој е присутен кај учениците и тоа најмногу во семејства од 3-4 членови. Конфликтот меѓу родителите пак, е најистакнат кај семејствата составени од 3-4 членови.

Само во 7,4% од случаите учениците кои дале одговор на ова прашање го истакнале алкохолизмот во семејството како проблем. Но, ако се анализира присуството на алкохолизмот според број на членови во семејството, се забележува дека во семејствата со 3-4 или 5 и повеќе членови овој проблем е застапен со само 7,4% од посочените проблеми од страна на учениците од оваа група, додека кај семејствата со двајца членови овој проблем е застапен со 16%.

**Табела 17. Социјални проблеми присутни во семејствата на учениците, според членови на семејство со кои ученикот живее**

| | | Членови на семејство со кои ученикот живее | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | Друго | со двата родитела | со мајка | со татко | |
| Социјални проблеми присутни во семејствата | Недостаток на средства за живот | 7 | 0 | 117 | 14 | 3 | **141** |
| | Невработеност на член од семејството | 10 | 2 | 156 | 19 | 5 | **192** |
| | Лоши услови за домување | 3 | 0 | 62 | 6 | 2 | **73** |
| | Конфликти меѓу родители | 5 | 1 | 97 | 18 | 5 | **126** |
| | Алкохолизам кај член од семејството | 0 | 2 | 48 | 5 | 1 | **56** |
| | Наркоманија кај член од семејството | 0 | 1 | 17 | 0 | 1 | **19** |
| | Хронична болест кај член од семејството | 4 | 0 | 56 | 4 | 2 | **66** |
| | Инвалидност кај член од семејството | 2 | 0 | 31 | 3 | 0 | **36** |
| | Член од семејството осудуван за кривични дела | 2 | 0 | 14 | 3 | 0 | **19** |
| | Коцкање кај член од семејството | 1 | 1 | 18 | 2 | 2 | **24** |
| | **Вкупно** | **34** | **7** | **616** | **74** | **21** | **752** |



Без оглед дали ученикот живее со двата или едниот родител, невработеноста кај член од семејството останува најзначајниот социјален проблем. Кај учениците кои живеат со двата родители ова прашање е нотирано во 25,3% од случаите, кај оние кои живеат со мајката во 25,7% од случаите и оние кои живеат со таткото во 23,8% од случаите.

И во однос на недостатокот на средства за живот состојбата е слична. Имено, овој проблем е застапен со 19% од случаите посочени од учениците кои живеат со двата родители и оние кои живеат со мајка, додека тој процент е помал кај учениците кои живеат со татко и изнесува 14,3%.

### 1.6. Потреба од стручна поддршка за решавање социјални проблеми

Преку истражувањето учениците имаа можност да одговорат на прашањето дали имаат потреба од стручна поддршка кога се соочени со некаков социјален проблем.

**Табела 18. Потреба на учениците од стручна поддршка за решавање на социјални проблеми, според полот**

| | | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | женски | Машки | |
| **Потреба од стручна поддршка за решавање на социјалните проблеми** | Нема одговор | 1 | 5 | 8 | **14** |
| | Да | 1 | 113 | 106 | **220** |
| | Не | 2 | 351 | 450 | **803** |
| **Вкупно** | | **4** | **469** | **564** | **1037** |




На прашањето за потреба од стручна поддршка за решавање на социјални проблеми одговориле 1023 од вкупно 1037 ученици.

Женските испитанички во поголема мера ја истакнуваат потребата од стручна поддршка (24,1%), за разлика од машките испитаници кои оваа потреба ја истакнуваат само во 106 случаи (18,6%).

## 1.7. Користење на социјалната мрежа при соочување со проблем

Од истражувањето се добија интересни сознанија за тоа со кого од непосредната социјална мрежа учениците најчесто разговараат и се советуваат кога се соочуваат со некаков проблем. Резултатите се анализирани посебно за зачестеноста на разговорите во врска со проблемите со: членови на семејството, со врсници, со наставник, со член на стручен тим и со други лица (Графикони 16-20).

Графикон 16. Зачестеност на разговор на ученикот со членови на семејство при соочување со проблем




Повеќе од половина од учениците, односно 53% секогаш разговараат со членовите од семејството, а 20% тоа го прават често кога се соочуваат со некој проблем. Мал е процентот на ученици кои никогаш не разговараат со членовите од семејството за своите проблеми (4%).

Графикон 17. Зачестеност на разговор на ученикот со врсници (другари) при соочување со проблем



Разговорот со врсниците е на второ место по зачестеност. Така, 30% секогаш, а 33% од учениците често разговараат со своите врсници, односно другари, за проблемите со кои се соочуваат, додека само 6% никогаш не практикуваат да ги доверуваат своите проблеми на другарите.

Графикон 18. Зачестеност на разговор на ученикот со наставник при соочување со проблем




Учениците ретко разговараат со своите наставници за проблемите со кои се соочуваат. Имено, само 7% секогаш, а 9% често разговараат со своите наставници. Од друга страна, дури 37% од учениците се изјасниле дека никогаш не разговараат со наставниците за своите проблеми.

Графикон 19. Зачестеност на разговор на ученикот со стручен тим при соочување со проблем




Разговор со стручен тим е најретката форма на разговор која ја практикуваат учениците, кога станува збор за соочување со одреден проблем. Така, дури 2/3 од учениците или 67% никогаш не разговарале со стручен тим, а само 3% се изјасниле дека секогаш и 4% дека често разговараат со овие стручни лица.

Графикон 20. Зачестеност на разговор на ученикот со други лица при соочување со проблем



Поделени се одговорите/искуствата на учениците во однос на разговор со други лица. Така, додека 41% се изјасниле дека секогаш разговараат, 31% изјавиле дека никогаш не разговараат со други лица од својата социјална мрежа кога се соочуваат со некаков проблем.

## 2. СОЦИЈАЛНИТЕ ТЕШКОТИИ И ПРОБЛЕМИ НА УЧЕНИЦИТЕ – РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА СО НАСТАВЕН И СТРУЧЕН КАДАР

Увид во присуството на социјални тешкотии и проблеми кај учениците беше направен и преку спроведување анкета со наставниот и стручен кадар од основните и средните училишта, со цел добивање дополнителни сознанија за социјалната состојба на учениците.

### 2.1. Структура на испитаници – наставен и стручен кадар

Во Табела 19 и Графикон 21 се претставени податоците кои се однесуваат на возрасната и половата структура на наставниот и стручниот кадар од основните и средните училишта.

**Табела 19. Возрасна и полова структура на наставниот и стручниот кадар**

| | | **Возраст:** | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **нема одговор** | **до 30 години** | **од 31-45 години** | **46 и повеќе** | |
| **Пол:** | нема одговор | 1 | 0 | 0 | 1 | **2** |
| | женски | 0 | 7 | 65 | 37 | **109** |
| | машки | 0 | 3 | 17 | 13 | **33** |
| **Вкупно** | | **1** | **10** | **82** | **51** | **144** |




Најголем број од наставниот и стручниот кадар во училиштата се на возраст од 31 до 45 години, вкупно 82 лица или 56,9%, потоа следува возрасната група од 46 и повеќе години, вкупно 51 лице или 35,4%, додека најмалку е застапена возрасната група до 30 години, вкупно 10 лица или 6,9%.

Во однос на половата структура, поголем дел од наставниот и стручниот кадар се од женски пол, вкупно 109 лица или 75,7%, додека од машки пол се 33 лица, односно 22,9%. Од вкупно 109 лица од женски пол, 65 лица или 59,6% се на возраст од 31 до 45 години, а 37 лица или 33,9%  се на возраст од 46 и повеќе години, 7 лица или 6,4%  се на возраст до 30 години, додека кај машките од вкупно 33 лица, 17 лица или 51,5%  се на возраст од 31 до 45 години, а 13 лица или 39,4% се на возраст од 46 години и повеќе години и 3 лица или 9,1% се на возраст до 30 години.

**Табела 20. Структура на наставниот и стручниот кадар во училиштата, според должината на работниот стаж и работното место**

| | | Должина на работен стаж во училиште: | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нема одговор | до 5 години | 6-15 години | 16 и повеќе | |
| Работно место: | нема одговор | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| | дефектолог | 0 | 2 | 0 | 0 | **2** |
| | наставник | 0 | 26 | 48 | 60 | **134** |
| | педагог | 0 | 1 | 2 | 0 | **3** |
| | психолог | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| | друго | 0 | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Вкупно | | **1** | **29** | **53** | **61** | **144** |

Во однос на ова прашање, со најдолг работен стаж и работното место се оние наставници и стручен кадар кои работат 16 и повеќе години, а во ова истражување така се изјасниле 61 лице или 42,4% испитаници, по што следува наставниот и стручниот кадар со должина на работен стаж од 6 до 15 години за што се изјасниле 53 лица или 36,8% испитаници, додека со стаж до 5 години имало вкупно 29 лица или 20,1% испитаници.

Од вкупно 134 лица од наставниот кадар во основните и средните училишта, вкупно 60 или 44,8% се наставници со работен стаж од 16 и повеќе години, 48 или 35,8% се со должина на работен стаж од 6 до 15 години и 26 или 19,4% се со работен стаж до 5 години.

## 2.2. Проблеми со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето посочени од наставен и стручен кадар

Во Табела 21 и Графикон 22 се претставени проблемите со кои најчесто се соочуваат учениците во текот на нивното школување, а кои беа посочени од наставниот и стручниот кадар во основните и средните училишта.

Според мислењето на наставниот и стручен кадар, најзастапен проблем со кој се соочуваат учениците е проблемот со учењето и успехот, за кој се изјасниле 105 лица, односно 28,7%, потоа следува редовноста на учениците за кој проблем се изјасниле 91 лице или 24,9%, додека за проблемот со дисциплината на учениците, се изјасниле 87 лица или 23,8%. Од вкупно 105 лица

од наставниот и стручниот кадар кои се изјасниле дека најголем е проблемот со учењето и успехот со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето, вкупно 58 лица или 55,2% се на возраст од 31 до 45 години, 41 или 39% се на возраст од 46 и повеќе години и 5 лица или 28,6% се на возраст до 30 години.

Од вкупно 91 лице кои сметаат дека учениците се соочуваат со проблемот редовност на училиште, вкупно 52 лица или 57,1 % се на возраст од 31 до 45 години, потоа 34 лица или 37,4% се на возраст од 46 и повеќе години и 4 лица или 4,4 % се на возраст до 30 години.

Од вкупно 87 лица кои се изјасниле дека учениците се соочуваат со проблемот кој е поврзан со дисциплината, 47 лица или 54% се на возраст од 31 до 45 години, 32 лица или 36,8% се на возраст од 46 и повеќе години и 8 лица или 9,2% се на возраст до 30 години.

Наставниот и стручен кадар во помала и незначителна застапеност ги посочуваат следните проблеми на учениците: несогласување со соучениците, несогласување со наставниците, неприфатливост во училиштната средина, како и други проблеми (Табела 21 и Графикон 22 долу).

**Табела 21. Проблеми со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето посочени од наставен и стручен кадар, според возраста**

| Проблеми со кои се соочуваат учениците во текот на школувањето посочени од наставен и стручен кадар | Возраст на наставен и стручен кадар | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | до 30 години | од 31-45 години | 46 и повеќе | |
| **Проблеми со редовност на училиште** | 1 | 4 | 52 | 34 | **91** |
| **Проблеми со дисциплина** | 0 | 8 | 47 | 32 | **87** |
| **Проблеми со учење и успехот** | 1 | 5 | 58 | 41 | **105** |
| **Несогласување со наставници** | 0 | 3 | 17 | 8 | **28** |
| **Несогласување со соученици** | 0 | 3 | 16 | 15 | **34** |
| **Неприфатеност во училиштната средина** | 0 | 0 | 11 | 6 | **17** |
| **Друго** | 0 | 0 | 3 | 1 | **4** |
| **Вкупно** | **2** | **23** | **204** | **137** | **366** |

Графикон 22. Проблеми со кои се соочуваат учениците посочени од наставен и стручен кадар, според возраста




**2.3. Материјални тешкотии со кои најчесто се соочуваат семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар**

Материјалните тешкотии со кои најчесто се соочуваат семејствата на учениците, а кои се посочени од наставниот и стручен кадар, според должината на работниот стаж, се прикажани во Табела 22 и Графикон 23 долу.

**Табела 22. Материјални тешкотии со кои најчесто се соочуваат семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар, според должината на работниот стаж**

| Материјални тешкотии со кои најчесто се соочуваат семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар | Должина на работен стаж во училиште | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | до 5 години | 6-15 години | 16 и повеќе | |
| **Недостаток на материјални средства за набавка на училишен прибор и опрема** | 1 | 14 | 24 | 29 | **68** |
| **Недостаток на материјални средства за учество во вонучилиштни активности (училиштни спортски и други клубови и секции)** | 1 | 12 | 22 | 28 | **63** |
| **Недостаток на материјални средства за ужина** | 1 | 5 | 19 | 19 | **44** |
| **Недостаток на материјални средства за екскурзии** | 1 | 10 | 33 | 36 | **80** |
| **Недостаток на материјални средства за облека и обувки** | 1 | 7 | 20 | 27 | **55** |
| **Вкупно** | **5** | **48** | **118** | **139** | **310** |

Најголемиот број од наставниците и стручниот кадар, вкупно 80 или 25,8%, како најголема материјална тешкотија со која се соочуваат семејствата на учениците го детектираат недостатокот на материјални средства кои им се потребни за екскурзии. Вкупно 68 или 21,9% сметаат дека учениците имаат недостаток на материјални средства за набавка на училиштен прибор и опрема за училиште, додека 63 или 20,3% сметаат дека учениците имаат недостаток на материјални средства за учество во вонучилиштни активности (училиштни спортски и други клубови и секции).

Од вкупно 80 лица од наставниот и стручниот кадар во основните и средните училишта кои како најголема тешкотија ја посочиле недостатокот на материјални средства за екскурзии, 36 или 45% се со должина на работен стаж од 16 и повеќе години, вкупно 33 или 41,2% се со должина на работен стаж од 6 до 15 години и 10 или 12,5% се со должина на работен стаж до 5 години. Од 68 лица кои го посочуваат недостатокот на материјални средства за набавка на училиштен прибор и опрема, 29 или 42,6% се со должина работен стаж од 16 и повеќе години, 24 или 35% се со должина на работен стаж од 6 до 15 години и 14 или 20,6% се со должина на работен стаж до 5 години. Од вкупно 63 лица кои го истакнале проблемот на недостатокот на материјални средства за учество во вонучилиштни активности на учениците, вкупно 28 или

44,4% се со должина на работен стаж од 16 и повеќе години, 22 или 34,9% се со должина на работен стаж од 6 до 15 години и 12 или 19% со должина на работен стаж до 5 години.

Помал број од наставниот и стручниот кадар ги посочуваат следните материјални тешкотии со кои се соочуваат семејствата на учениците: недостаток на материјални средства за облека и обувки, како и недостаток на материјални средства за ужина.

Графикон 23. Материјални потешкотии на семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар, според должина на работен стаж




## 2.4. Социјални проблеми со кои најчесто се соочуваат учениците посочени од наставен и стручен кадар

На наставниот и стручниот кадар му беше поставено и прашањето кои социјални проблеми се најзастапени кај учениците според нивните сознанија. Резултатите анализирани според возраста на вработените, се претставени во Табела 23 и Графикон 24 долу.

**Табела 23. Социјални проблеми со кои најчесто се соочуваат учениците посочени од наставен и стручен кадар, според возраста**

| Социјални проблеми со кои најчесто се соочуваат учениците | Возраст на наставен и стручен кадар | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | до 30 години | од 31-45 години | 46 и повеќе | |
| **Физички пресметки со соученици** | 0 | 3 | 45 | 27 | **75** |
| **Прекумерно конзумирање алкохол** | 0 | 1 | 11 | 7 | **19** |
| **Користење дроги** | 1 | 1 | 9 | 4 | **15** |
| **Кражби** | 0 | 1 | 10 | 11 | **22** |
| **Коцкање (обложувалници и сл.)** | 0 | 1 | 13 | 12 | **26** |
| **Здравствени проблеми (хронични болести)** | 0 | 1 | 21 | 20 | **42** |
| **Конфликти со родителите** | 1 | 3 | 29 | 23 | **56** |
| **Конфликти со средината во која живеат** | 0 | 4 | 25 | 13 | **42** |
| **Вкупно** | **2** | **15** | **163** | **117** | **297** |

Графикон 24. Социјални проблеми кај учениците посочени од наставен и стручен кадар, според возраст



Како најголем социјален проблем застапен кај учениците во основните и средните училишта, наставниот и стручен кадар ги истакнува физичките пресметки со соучениците, и тоа во вкупно 75 случаи или 25,2%. Од вкупно 75 лица кои го посочиле овој проблем, 45 лица или 60% се на возраст од 31 до 45 години, 27 лица или 36% се на возраст од 46 и повеќе години.

Вкупно 56 лица или 18,8% се изјасниле дека конфликтите на учениците со нивните родители е најчест социјален проблем со кој се соочуваат учениците. Од нив, 29 лица или 51,8% се на возраст од 31 до 45 години, 23 лица или 41,1% се на возраст од 46 и повеќе години и 3 лица или 5,3% се на возраст до 30 години. Вкупно 42 лица или 11,1% испитаници сметаат дека конфликтите на учениците со средината во која живеат е социјален проблем со кој начесто се соочуваат учениците во основните и средните училишта. Од нив, 25 лица или 59,5% се на возраст од 31 до 45 години, 13 лица или 30,9% се на возраст 46 и повеќе години и 4 лица или 9,5% се на возраст до 30 години. Вкупно 42 лица или 14,1% од наставниот и стручниот кадар се изјасниле дека и здравствените проблеми (хроничните заболувања) е социјален проблем со кој се соочуваат учениците. Од нив, 21 лица или 50% се на возраст од 31 до 45 години, а 20 лица или 47,6% се на возраст од 46 и повеќе години.

Според мислењето на наставниот и стручен кадар, со помала застапеност кај учениците е проблемот на коцкањето во обложувалниците, посочен во 26 случаи или 8,7%, кражбите во 22 случаи или 7,4%, прекумерното конзумирање алкохол во 19 случаи или 6,4% и користењето на дроги во 15 случаи или 5%.

## 2.5. Социјални проблеми кои се најчесто присутни во семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар

Во Табела 24 и Графикон 25 се претставени резултатите кои се однесуваат на социјалните проблеми кои се најчесто присутни во семејствата на учениците, а кои беа посочени од страна на наставниот и стручниот кадар, според возраста.

**Табела 24. Социјални проблеми кои се најчесто присутни во семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар, според возраста**

| Социјални проблеми кои се најчесто присутни во семејствата на учениците | Возраст | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | до 30 години | од 31-45 години | 46 и повеќе | |
| **Недостаток на средства за живот** | 1 | 8 | 54 | 35 | **98** |
| **Невработеност на член од семејството** | 1 | 6 | 61 | 39 | **107** |
| **Лоши услови за домување** | 1 | 6 | 48 | 25 | **80** |
| **Конфликти меѓу родители** | 0 | 6 | 33 | 27 | **66** |
| **Алкохолизам кај член од семејството** | 0 | 3 | 17 | 16 | **36** |
| **Наркоманија кај член од семејството** | 0 | 1 | 3 | 1 | **5** |
| **Хронична болест кај член од семејството** | 0 | 2 | 15 | 16 | **33** |
| **Инвалидност кај член од семејството** | 0 | 3 | 10 | 7 | **20** |
| **Член од семејството осудуван за кривични дела** | 0 | 1 | 9 | 6 | **16** |
| **Коцкање кај член од семејството** | 0 | 1 | 3 | 3 | **7** |
| **Друго** | 0 | 0 | 2 | 0 | **2** |
| **Вкупно** | **3** | **37** | **255** | **175** | **470** |

Најголем број од наставниот и стручен кадар, односно 107 лица или 22,8% се изјасниле дека невработеноста на член од семејството е најизразен социјален проблем во семејствата на учениците. Од нив, 61 лице или 57% се на возраст од 31 до 45 години, вкупно 39 лица или 36,4% се на возраст од 46 и повеќе години и 6 лица или 5,6% се на возраст до 30 години.

Вкупно 98 лица или 20,8% се изјасниле дека недостатокот на средства за живот е мошне присутен социјален проблем. Од нив 54 лица или 55,1% се на возраст од 31 до 45 години, 35 или 64,8% се на возраст од 46 и повеќе години и 8 лица или 14,8% се на возраст до 30 години. Лошите услови за домување ги посочиле 80 лица од наставниот и стручниот кадар или 17%, а од нив 48 лица или 60% се на возраст од 31 до 45 години, 25 лица или 31,2% се на возраст од 46 и повеќе години и 6 лица или 7,5% се на возраст до 30 години. Конфликтите меѓу родителите како проблем го гледаат 66 лица или 14% од наставниот и стручен кадар, од кои вкупно 33 лица или 50% се на возраст од 31 до 45 години, 27 лица или 40,9% се на возраст од 46 и повеќе години и вкупно 6 лица или 9,1% се на возраст до 30 години.

Помалку застапени социјални проблеми во семејствата на учениците, според мислењето на наставниот и стручен кадар се: присутноста на алкохолизмот кај член од семејството, хронична болест кај член од семејството, инвалидност кај член од семејството, член од семејството осудуван за кривични дела, коцкање на член од семејството, наркоманија кај член од семејството и друго.




**2.6. Потреба од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник кај наставен и стручен кадар**

Од истражувањето се добија сознанија и за потребата изразена од страна на наставниот и стручниот кадар стручните тимови во училиштата да се зајакнат со социјални работници. Во однос на ова прашање за потребата од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник за решавање на социјалните проблеми со кои се соочуваат учениците и нивните семејства, според должината на работниот стаж на наставниот и стручниот кадар во училиштата, податоците се прикажани во Табелата 25 и Графикон 26 долу.

**Табела 25. Потреба од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник за решавање на социјалните проблеми со кои се соочуваат учениците и нивните семејства, според должината на работниот стаж во училиштето**

| Потреба од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник | Должина на работен стаж во училиштето | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | нема одговор | до 5 години | 6-15 години | 16 и повеќе | |
| Нема одговор | 1 | 0 | 2 | 1 | **4** |
| Да | 0 | 23 | 48 | 55 | **126** |
| Не | 0 | 6 | 3 | 5 | **14** |
| **Вкупно** | **1** | **29** | **53** | **61** | **144** |




Вкупно 126 лица или 87,5% од наставниот и стручен кадар во основните и средните училишта се изјасниле дека имаат потреба од стручна поддршка од страна на социјален работник во училиштниот тим за решавање на социјалните проблеми со кои се соочуваат учениците и нивните семејства, додека само 14 или 9,7% се изјасниле дека немаат потреба од стручна поддршка од

социјален работник во училиштниот тим, а 4 лица или 2,8% не се изјасниле во однос на ова прашање.

Од вкупно 126 лица кои ја истакнале потребата од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник за решавање на социјалните проблеми со кои се соочуваат учениците и нивните семејства, 55 лица или 43,6% се со должина на работен стаж од 16 и повеќе години, 48 лица или 38,1% се со должина на работен стаж од 6 до 15 години и 23 лица или 3,4% се со должина на работен стаж до 5 години.

Од вкупно 14 лица кои се изјасниле дека немаат потреба од стручна поддршка на училиштниот тим од социјален работник, 6 лица или 42,8% се со должина на работен стаж до 5 години, 5 лица или 35,7% се со должина на работен стаж од 16 и повеќе години и 3 лица или 21,4% се со должина на работен стаж од 6 до 15 години.

Може да се заклучи дека потребата од стручна поддршка на училиштните тимови од социјален работник е поизразна кај наставниот и стручен кадар со подолг работен стаж, оттука и со поголемо работно искуство, отколку кај помладите.

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 3.1. Социјалните тешкотии и проблеми на учениците

Истражувањето покажа дека учениците од основните и средните училишта се соочуваат со значителни проблеми од различна природа за кои им е неопходна помош и поддршка (посочени 1258 пати од страна на учениците). Меѓу проблемите од секојдневното функционирање во училиштето најизразени се оние поврзани со успехот и учењето, потенцирани од 363 ученика или 35% од вкупниот број ученици. Следат несогласувањата со наставници истакнати од 296 ученика (28,5%) и несогласувањата со соученици истакнати од 227 ученика (21,9%). Од наведените проблеми, помал број ученици ја доживуваат како проблем неприфатеноста во училиштната средина (71 или 6,8% од вкупниот број анкетирани ученици). Овие наоди укажуваат на потребата од стручна помош и поддршка за решавање на конфликти во односите меѓу наставниците и учениците, како и во односите меѓу учениците, за што интервенциите во криза кои се применуваат во социјалната работа се особено соодветни (Графикон 27).



Не се за занемарување ниту материјалните тешкотии со кои се соочуваат учениците, а кои се одраз на општата состојба во државата поврзана со нискиот животен стандард. Учениците посочуваат недостаток на материјални средства за задоволување на повеќе нивни потреби (во 557 случаи). Најизразен недостаток на материјални средства се забележува за покривање на трошоци за вонучилиштни активности, посочено од страна на 178 ученици или во 32% од случаите. По нив следи недостатокот на средства за екскурзии застапен со 27%, како и недостатокот на средства за училиштен прибор и опрема со 19%. Всушност, учениците оправдано како најголеми материјални тешкотии ги посочуваат оние за кои се потребни позначителни финансиски средства, а кои учениците ги обезбедуваат плаќајќи приватно за нив (Графикон 28 долу).




Од посебен интерес во истражувањето беше добивањето сознанија за присутни посериозни социјални проблеми во животот на учениците, за чие надминување социјалната работа е неопходна. Добиените резултати на ова прашање се алармантни (Графикон 29 долу). Учениците посочиле постоење на социјален проблем во текот на школувањето во 942 случаи. Дури 233 ученика или 22,5% од анкетираните ученици се соочиле со физичка пресметка со соученик во

текот на школувањето. Ова го истакнува врсничкото насилство како најприсутен проблем во училиштата. Следни по застапеност се конфликтите со родителите посочени од 141 ученик (13,6%), што укажува на неопходноста од интервенции за подобрување на односите родители-ученици. Она што секако привлекува внимание и сигнализира потреба од итно делување, е застапеноста на проблемите со прекумерно конзумирање алкохол (кај 96 ученика или 9,2%), коцкање (кај 85 ученика или 8,2%), кражби (кај 75 ученика или 7,2%), како и конзумирање дрога (кај 62 или 6% од анкетираните ученици).

Графикон 29. Најчести социјални проблеми со кои се соочиле учениците во текот на школувањето




Не помалку загрижувачко е и присуството на социјални проблеми во семејствата на учениците кои неоспорно се одразуваат врз нивниот социјален развој и созревање, но и врз образовните успеси. Семејните проблеми се посочени од страна на учениците 752 пати. Учениците како најчест проблем во семејствата во кои живеат го истакнале проблемот на невработеност на член на семејството (192 ученика или 18,5% од анкетираните ученици), што соодветствува со застапеноста на овој социјален проблем на национално ниво. Сиромаштијата изразена преку недостаток на средства за живот е втор позначаен социјален проблем присутен во семејствата на учениците, кој го посочиле 141 ученик или 13,6% од вкупниот број ученици. Конфликтите меѓу родителите пак посочени во 126 случаи (12,1%), упатуваат на потребата од стручна помош за

подобрување на односите во дисфункционалните семејства. Не се за занемарување ниту следните социјалните проблеми кои, иако се истакнати кај помалку од 10% од учениците, сепак се меѓу посериозните и покомплексните за надминување: лоши услови за домување, болести на зависност кај други членови од семејството, присуство на криминал кај возрасен член од семејството или проблем со коцкање (Графикон 30).




Од учениците беше побаран и одговор на прашањето дали имаат потреба од стручна поддршка при решавање на социјалните проблеми со кои се соочуваат. Имајќи ги предвид претходните сознанија за високиот степен на недоверливост на учениците кон стручните служби како и недоволната информираност за природата, местото и улогата на социјалната работа во образовните установи, на ова прашање сепак голем број ученици дале потврден одговор. Имено, 21% од анкетираните ученици истакнале дека им е потребна стручна помош и поддршка во случаите кога се соочуваат со некаков социјален проблем (Графикон 31).

**Графикон 31. Потреба на учениците од стручна поддршка при решавање социјални проблеми**




Во однос на користењето на социјалната мрежа како поддршка, учениците најчесто разговараат со членови на семејството или со врсниците кога ќе се соочат со проблем. Имено, 52,4% од испитаниците истакнале дека секогаш се обраќаат за поддршка до семејството, а 30,5% од испитаниците истакнале дека секогаш се обраќаат за поддршка и разговор со своите врсници. Треба да се истакне дека 36,7% од учениците одговориле дека никогаш не се обраќаат за поддршка до наставниците, а високи 66,7% од учениците одговориле дека никогаш не се обраќаат за да добијат поддршка или поразговараат со стручниот тим. Ваквите сознанија се поразителни бидејќи укажуваат на недовербата која учениците ја имаат во наставниците и стручниот тим кога треба со нив да споделат проблеми кои ги оптоваруваат. Добиените резултати се показател дека наставниците и стручниот тим не се ресурс од социјалната мрежа на учениците на кој тие му се обраќаат и од кој очекуваат помош и поддршка (Графикон 32).

Графикон 32. Зачестеност на разговори на учениците во случај на проблеми, со лица од социјалната мрежа




**3.2. Социјалните тешкотии и проблеми кај учениците според мислењето на наставниот и стручен кадар**

Како поткрепа и дополнување на основното истражување на социјалните тешкотии и проблеми кај учениците, беше спроведена и анкета со 144 наставници и стручни соработници за нивните сознанија поврзани со социјалната состојба на учениците.

На прашањето со кои проблеми од секојдневното функционирање најчесто се соочуваат учениците, а чии резултати се дадени на Графикон 33 долу, нивните одговори се разликуваат од оние на учениците. Најголем дел од наставниот и стручен кадар како доминантен проблем го посочуваат проблемот поврзан со учењето и успехот (105 лица или 73% од вкупниот број испитаници). Како следни најчести проблеми кај учениците посочени се проблемите со редовност

на училиште (91 лице или 63,2%) и проблемите со дисциплината (87 лица или 60,4%). Она што е очигледно при споредба на резултатите од истражувањето меѓу двете групи испитаници (ученици и наставен и стручен кадар), е тоа дека наставниот и стручен кадар повеќе се фокусира на педагошките проблеми, отколку на социјалните, како што беше тоа случај со учениците кај кои покрај проблемите со учење и успех, доминираа проблемите поврзани со несогласувања со соучениците и наставниците.




Во однос на прашањето за најзначајните материјални тешкотии со кои се соочуваат учениците (Графикон 34), постои скоро целосна усогласеност во одговорите меѓу учениците и оние на наставниот и стручен кадар. И според мислењето на наставниот и стручен кадар, најголеми материјални тешкотии учениците имаат за покривање на трошоци за кои учениците плаќаат приватно, и тоа: екскурзии (26%), вонучилиштни активности (20%), по што следи набавка на училиштен прибор и опрема (посочено од 22% од вкупниот број испитаници).

**Графикон 34. Материјални потешкотии на семејствата на учениците посочени од наставен и стручен кадар**




Најприсутни социјални проблеми кај учениците (Графикон 35), според мислењето на наставниците и стручните соработници се физичките пресметки со соученици (истакнато кај 25% од испитаниците), по што следи проблемот на коцкање (19%) што како проблем е значително повеќе истакнат од страна на наставниците и стручните соработници, отколку што беше тоа случај кај учениците, што укажува на степенот на негова присутност и видливост. За запазување е тоа што наставниците и стручните соработници, за разлика од учениците, сметаат дека изразени социјални проблеми кај учениците се и здравствените проблеми и конфликтите со средината, истакнати со по 14% од испитаниците. За останатите социјални проблеми кои се посериозни, кај наставниците и стручните соработници постои свест за нивното присуство кое не е незначително. Тоа се проблемите поврзани со девијантно однесување кај ученици, односно кражби (8%), конзумирање алкохол (6%), како и користење дроги (5%).




Во однос на семејните социјални проблеми (посочени 470 пати), според мислењето на наставниот и стручен кадар, очекувано доминантни проблеми се невработеноста (посочена од 107 лица или 74,3%) и сиромаштијата (98 лица или 68% од испитаниците). По нив следат лошите услови за домување (80 лица или 55,5%) и конфликтите меѓу родителите (66 лица или 45,8% од испитаниците). Во основа, постои сличност во одговорите на ова прашање меѓу учениците и наставниот и стручен кадар, со таа разлика што наставниците во значително поголем број го посочиле како семеен проблем алкохолизмот кај член на семејство (во 36 случаи или 25%) и здравствените проблеми – хроничните болести (во 33 случаи или 23%).




### 3.3. Потреба од социјален работник како дел од стручниот тим

За разлика од учениците кај кои постои недоволна информираност и/или развиена свест за значењето и користа од социјален работник како дел од стручниот тим, наставниот и стручен кадар недвосмислено ја препознава, признава и бара задоволување на потребата од зајакнување на стручниот тим на училиштата со профилот социјален работник. Мнозинството од наставниците и стручните соработници сметаат дека навистина постои таква потреба (87% од вкупниот број анкетирани наставници и стручни соработници).



### 3.4. Препораки

Имајќи го предвид фактот кој недвосмислено се потврди со резултатите од истражувањето дека учениците и семејствата во кои тие живеат се соочуваат со бројни социјални тешкотии и проблеми за чие надминување е неопходно потребна експертиза од социјални работници, за да се излезе во пресрет на ваквите состојби во системот на образование, неопходно е:

- Вработување на социјални работници во сите основни училишта во Република Македонија согласно со Законот за основно образование.
- Измени на Законот за средно образование и додавање на профилот „социјален работник“ како дел од стручниот тим, како и последователно вработување на социјални работници во сите средни училишта во Република Македонија.
- Спроведување на едукација на социјалните работници кои се веќе вработени во основните училишта, како и на оние кои ќе се вработуваат во иднина, за подрачјето социјална работа во образование.
- Заради рана превенција и навремено откривање на социјални тешкотии и проблеми кај децата и нивните семејства, потребно е вработување на социјални работници и во предучилиштните установи – градинки и центри за ран детски развој.
- Создавање на услови за спроведување на стручна социјална работа во училиштата, преку примена на методи и техники за:
- Стручна социјална работа со ученици на примарна превенција на социјални проблеми, со фокус на социјалните проблеми типични за деца (врсничко насилство, зависност од droги, зависност од алкохол, коцкање, асоцијално однесување, малолетничка деликвенција и др.).
- Стручна социјална работа со родители на примарна превенција на социјални проблеми кај учениците, како и унапредување на односите родители – деца, успешно родителство, живот во семејство и др.
- Стручна социјална работа со ученици и родители кај кои се јавуваат социјални тешкотии и првични знаци за појава на социјални проблеми на ниво на секундарна превенција, заради спречување на натамошна ескалација на тешкотиите и проблемите и нивно целосно надминување.
- Стручна социјална работа со ученици и родители кои веќе се соочуваат со социјални проблеми на ниво на терцијарна превенција, а заради ублажување на последиците од настанатите проблеми и спречување на нивното продлабочување.
- Развивање на соработката меѓу сите локални чинители кои можат да допринесат кон промовирање и развивање на подрачјето социјална работа во образование (невладини организации, општини, центри за социјална работа и други).

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


*Борнарова, С., (2012), Социјална работа со семејство, Филозофски факултет, Скопје.*

*Борнарова, С., (2014), Социјална работа во образование, Алма, Скопје.*

*Закон за правда за децата*, Службен весник на РМ, бр. 148/2013.

*Закон за заштита на децата*, Службен весник на РМ, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и 21/2018.

*Закон за семејството,* Службен весник на РМ, бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015.

*Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство,* Службен весник на РМ, бр. 138/2014, 33/2015 и 150/2015.

*Закон за основното образование*, Службен весник на РМ, бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018.

*Закон за средното образование*, Службен весник на РМ, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018.

*Закон за социјална заштита*, Службен весник на РМ, бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015; 30/2016 и 163/2017.

*Конвенција за правата на децата* (20 ноември 1989), Обединети нации.

*Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници, (2016), Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Скопје.*

*Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта, МОН.*

*Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа во основното училиште, МОН.*

*Сеопфатна стратегија за развој на образованието 2018-2025, МОН.*